# ПРИРАЧНИК

(за изведување на наставата)

# ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА II ОДДЕЛЕНИЕ



м-р Ирена Христовска
Виолета Поповска
Горица Стојанова

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## за II одделение



Прирачник (за изведување на наставата) по музичко образование за II одделение

Издавач: Биро за развој на образованието – Скопје

**Уредници:**
м-р Мирјанче Милошевска
м-р Емилија Вељаноска
**Автори:**
м-р Ирена Христовска
Виолета Поповска
Горица Стојанова

**Стручна поддршка:**
Невена Бошковска
м-р Мирјанче Милошевска
Рајмонда Незири
**Лектор:** Александар Здравевски

**Дизајн и техничко уредување:** АРБЕРИА ДЕСИГН ДООЕЛ, Тетово

Година на издавање - 2025
Место на издавање - Скопје
Електронско издание

**CIP - Каталогизација во публикација**
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

**373.3.016:78(035)=163.3**

ХРИСТОВСКА, Ирена
Прирачник (за изведување на наставата) по музичко образование за II одделение [Електронски извор] / Ирена Христовска, Виолета Поповска, Горица Стојанова. - Скопје : Биро за развој на образованието, 2025

Начин на пристапување (URL): https://www.bro.gov.mk/mo2/. - Текст во ПДФ формат, 86 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 26.08.2025

**ISBN 978-608-206-225-9**

1. Поповска, Виолета [автор] 2. Стојанова, Горица [автор]

**COBISS.MK-ID 66750213**

# НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Современите текови во образовните политики на глобално ниво, надополнети со резултатите од меѓународните тестирања PISA, TIMSS, PIRLS и анализата направена од страна на OECD и UNICEF посочија на потребата за изготвување на Национални стандарди пред да се воведат нови наставни програми. Преку националните стандарди ќе им се помогне на наставниците во пообјективно оценување и подобро да ги следат постигањата кај учениците. Со поголема поддршка и поттик во формативното оценување ќе им помогне на наставниците да ги откријат и да им помогнат на учениците во надминување на предизвиците со кои се соочуваат уште на самиот почеток. Како последователност на Националните стандарди се стандардите за оценување кои непосредно од соодветните содржини произлегуваат во сите програми како и во програмата по Музичко образование.

Вака поставениот Наставен план и Наставна програма за второ одделение по предметот Музичко образование како дел од задолжително образование има за цел да го подигне степенот на релевантност и атрактивност, подобрена усогласеност со фазите на детскиот развој и поголема насоченост кон резултатите од учењето.

Креирањето на соодветни услови за правилен раст и развој на учениците и постигнување високи резултати од учењето, наспроти градење личности со компетенции соодветни за предизвикот на денешното живеење е дел и од овој материјал за наставници и ученици.

→ https://www.bro.gov.mk/

# КОМПОНЕНТИ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Секој дел од наставната програма има своја улога и значење.

Првата компонента на Годишната програма за второ одделение се основните податоци за истата каде што се опфатени:

Името на наставниот предмет – Музичко образование.

Вид/категорија на наставниот предмет, каде што е предметот Музичко образование е означен како дел од задолжителните предмети.

Одделение за кое е наменета содржината на оваа наставна програма, а тоа е второ одделение.

Наставни теми на Наставната програма по Музичко образование.

Програмата по Музичко образование, за второ одделение, како дел од задолжителните предмети е поделена на две теми:

Слушаме музика и

Пееме, свириме и играме.

Како важен дел од Основните податоци е и предвидениот број на часови преку кои ќе се релизира оваа програма, а тоа е еден час седмично, односно 36 часа годишно распореден соодветно по теми.

Како втор важен дел од наставната програма е поврзаноста со националните стандарди, кои се поделени во две подрачја.

Резултатите од учење се првиот и најважен дел од програмата бидејќи токму тие ќе му ја олеснат работата на наставникот при вреднувањето на учениците, ќе ги информираат родителите кој е конкретниот краен резултат кон кој е насочена работата на наставникот, а пак најважното е што и ученикот лесно ќе осознае што треба да постигне.

Резултатите за учење како најопшти се конретизираат преку дефинирани содржини (и поими) во секоја тема, од кои пак како мерливи произлегуваат стандардите за оценување. Содржините и нивниот избор е направен водејќи се од развојните карактеристики на учениците од една страна, моќта на искуственото учење, на принципот од познато кон непознато, но и од глобалните тенденции на образовните политики, преточени во истражувањата, вреднувањата на меѓународните тестирања од кои како дел се и нашите ученици.

Примерите на активностите го следат секој стандард поединечно. Нивниот фокус е кон процесот, како ќе се ангажираат учениците во текот на наставата. Тие се насока за начинот на понатамошно креирање на сценарио за час од страна на наставникот.

Како последна компонента е оценувањето на постигањата на учениците. За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик.

→ https://www.bro.gov.mk/


Music is my life...

# ТЕМА: СЛУШАЊЕ МУЗИКА

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Визуелно и аудитивно да препознава и разликува музички инструменти (пијано, виолина) во инструментални изведби, како и гласови (машки, женски, детски) во вокални хорски изведби.

Да разликува детска музика, класична музика, народна музика, музика од анимирани филмови и да препознава по неколку од секој вид.

Да идентификува музички изразни средства со кои се постигнува различен карактер во слушаните композиции.

Да препознава народни песни, игри и инструменти (тапан, шупелка, гајда) на етничките заедници кои живеат во РС Македонија.

→ https://www.bro.gov.mk/

# 1. ПРИМЕРИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ СО ПРЕДЛОГ МАТЕРИЈАЛИ ЗА НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА

**Содржина (поими)**

Музички инструменти и гласови (музика за пеење; музика за свирење; музика за пеење и свирење; диригент; хор и солист; музички инструменти: пијано, виолина; народни инструменти: тапан, шупелка, гајда; гласови: детски, женски, машки.)

**Стандарди за оценување**

Препознава **пијано** и виолина, визуелно и звучно.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**

**Активност 1**

Преку техниката Бура на идеи учениците се поттикнуваат да набројуваат музички инструменти кои ги знаат? Наставникот имињата на инструментите ги запишува на табла /флипчарт /хамер.

**Активност 2**

Игра меморија: Учениците визуелно препознаваат музички инструменти како начин за активирање на предзнаењата од прво одделение. (картички во прилог 1).

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1**

Учениците следат визуелна презентација. Со насочена дискусија од наставникот преку слајдовите на презентацијата тие се запознаваат визуелно со пијано, видови на пијано, како и елементите (клавишите) со чие притискање се произведуваат звуци - тонови.

Музички инструменти ПРИЛОГ

**Активност 2**

На училишното пијано или на следниот линк звучно проследуваат тонови од страна на наставникот или другарче кое умее да свири.

**Активност 3**

Работа во групи: Учениците на креативен начин го илустрираат пијаното (следат видео со насоки како се црта пијано).

https://www.youtube.com/watch?v=aNnitf4hEUk

**Завршни активности – извлекување заклучок:**
Игра: Семафор
На учениците им се пуштаат звуци од разни инструменти, а пак тие со кревање на зелениот картон го потврдуваат слушнатиот звук на пијано, за останатите - непознати тонови го креваат црвениот картон.
На крајот од часот ја слушаат композицијата Копланд: ***Мачка и глушец*** - инструмент пијано.

https://www.youtube.com/watch?v=JuK1WITnBa4

виолина.wma

труба.wma

флејта.wma

**Рефлексија на часот:**

Како се чувствувавте денес?
Која активност ви беше најинтересна?
Каде си имал прилика да видиш пијано и да се обидеш да свириш на него?

**Средства:**

Картички за играта Меморија (прилог 1), аудиозаписи/видеозаписи и презентација, зелени и црвени картички.

**Меѓупредметна интеграција:**

Активноста илустрација на пијано се интегрира со Ликовно образование, тема Цртање.

## 2.

**Содржина (поими)**

Музички инструменти и гласови (музика за пеење; музика за свирење; музика за пеење и свирење; диригент; хор и солист; музички инструменти: пијано, виолина; народни инструменти: тапан, шупелка, гајда; гласови: детски, женски, машки.

**Стандарди за оценување**

Препознава пијано и **виолина**, визуелно и звучно.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**

Учениците добиваат насоки за работа во група.

Составуваат сложувалки во дигиталната алатка Jigsaw Planet, а преку добиената слика го откриваат и го именуваат музичкиот инструмент - виолина.

Групите ги презентираат сликите од сложувалките и споделуваат информации кои ги знаат за инструментот виолина.

https://www.jigsawplanet.com/ ?rc=play&pid=145c4f550e61

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1.**

Учениците следат визуелна презентација преку која се запознаваат со виолината. Се поведува куса дискусија за нијзиниот изглед, за нејзината форма, за начинот на добивање на звукот.

**Активност 2.**

Им се презентира аудиозаписи/видеозаписи од виолина, а учениците го слушаат/доживуваат звукот.

*Сен-Санс: ***Народот со долги уши*** - инструмент виолина, повторување од прво одделение.

*Паганини: ***Варијации на каприс бр. 24*** - инструмент виолина (детски ансамбл, виолини).

(видео како се црта виолина)

https://www.youtube.com/watch?v=lY8_G8cYi_Y

https://www.youtube.com/watch?v=Z3dRPYKXtWQ

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

По гледањето на видеозаписот учениците се обидуваат да илустрираат виолина.



**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавте денес?
Кои звуци од природата можат да се имитираат со звукот на виолината?

**Средства:**

Уред за репродукција на аудиозапис/видеозапис, звучници, сложувалка, ИТ

**Меѓупредметна интеграција:**

Активноста за илустрација на виолина се интегрира со Ликовно образование, тема Цртање или Сликање.

3.

**Содржина (поими)**

Музички инструменти и гласови (музика за пеење; музика за свирење; музика за пеење и свирење; диригент; хор и солист; музички инструменти: пијано, виолина; народни инструменти: тапан, шупелка, гајда; гласови: детски, женски, машки.)

**Стандарди за оценување**

Препознава народни инструменти: **тапан**, шупелка, гајда.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
Учениците се делат во групи. Секоја група го разгледува понудениот материјал за работа. Преку неколку фотографии се нуди визуелизација на инструментот тапан. Се поведува дискусија кој материјал е соодветен за одреден дел на тапанот и зошто. Која е неговата улога и како фунционираат потребните материјали заедно за да се добие звук.
Учениците по инструкции проследени на видеозаписот изработуваат тапан, користејќи различни материјал за рециклирање. (Материјалот за активноста е претходно обезбеден од страна на наставникот во соработка со родителите.)

https://www.youtube.com/watch?v=i877bBuWvus

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Учениците ги затвораат очите. Неколку секунди се остава простор да се создаде потполна тишина. Наставникот пушта народна музика (прилог линк). Додека учениците ја слушаат музиката кажуваат зборови на кои ги асоцира истата. (пр. свадба, веселба, слава, гозба, адет, село, традиција, обичај. тапан). Се поведува дискусија за народните инструменти: Каде и како истите се употребуваат? Зошто се викаат народни инструменти?

https://www.youtube.com/watch?v=PEBLE4on4X4.

**Активност 2.**
Преку презентација учениците визуелно ги воочуваат народните инструменти, а го препознаваат и именуваат тапанот. Наставникот ги поттикнува на дискусија преку прашања: Каков е звукот на тапанот? Каде најчесто може да се сретне звукот на тапанот? За што служи тапанот?
Како се вика музичарот кој свири на тапан?
*Balta/Секира* – Onur Ero (народен инструмент тапан).

https://www.youtube.com/watch?v=ifh1hDiV7OA
https://www.youtube.com/watch?v=0xe-JMNpJ5w

https://www.youtube.com/watch?v=3LnZNr0478M

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Учениците слушаат навивачка песна „Црвена боја ми е најмила“, Ристо Самарџиев. Со плескање на дланките го следат ритамот на тапанот.

https://www.youtube.com/watch?v=NZAnU9JfwEk

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Што ви се допадна најмногу?
Знаш ли што е штавена кожа?
На кој предмет од твоите играчки ти наликува тапанот?

**Средства:**

Уред за репродукција на аудио/видео запис, материјали за рециклирање за изработка на тапан, фотографии од тапан.

**Меѓупредметна интеграција:**

Активноста за изработка на тапан се интегрира со Ликовно образование, тема: Пластично обликување и градење.

# 4.

**Содржина (поими)**

Музички инструменти и гласови (музика за пеење; музика за свирење; музика за пеење и свирење; диригент; хор и солист; музички инструменти: пијано, виолина; народни инструменти: тапан, шупелка, гајда; гласови: детски, женски, машки.)

**Стандарди за оценување**

Препознава народни инструменти: тапан, **шупелка**, гајда.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
Наставникот на табла поставува измешани букви од зборот ШУПЕЛКА. Учениците составуваат зборови. Откако ќе се открие зборот шупелка се поттикнуваат на дискусија преку прашањата:

- Што е шупелка?
- Што знаете за овој музички инструмент?
- Како се свири на шупелка?
- Што мислите, каков вид музика создава шупелката (народна, класична или детска)?

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Преку визуелна презентација или модел на шупелка учениците визуелно ја препознаваат шупелката како традиционален народен инструмент.
**Активност 2.**
Учениците се делат во групи. Секоја група изработува шупелка од картон или цевчиња. Изработените инструменти се презентираат од страна на групите. Се поведува разговор за материјалот од кој е направена шупелката (дрво). Начинот на кој се произведува звукот/тонот. (Тонот се произведува со дување во горниот отвор на инструментот. Со отворање и затворање на отворите со прстите од двете раце, се добиваат тонови различни по висина).
**Активност 3**
Учениците слуховно го доживуваат звукот на шупелката со драматизација на свадбена прослава.

https://www.youtube.com/watch?v=QeNSODMXZhk

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Драматизацијата на свадбената прослава се надополнува со слушање на народно оро во кое доминира како водечки инструмент шупелката.

https://www.youtube.com/watch?v=AsI4Llowhlg

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавте денес?
Со што можеш да го споредиш звукот кој го создава тапанот, а со што звукот кој го создава шупелката?
На кои 3Д-форми те потсетуваат шупелката и тапанот?

**Средства:**

Уред за репродукција на аудиозапис/видеозапис, звучници, картон, цевчиња и друг материјал за рециклирање кој е соодветен за изработка на шупелка.

**Меѓупредметна интеграција:**

Активност за изработка на шупелки од пластични цевчиња или картон се интегрира со Ликовно образование, тема: Пластично обликување и градење.

5.

Содржина (поими)

Музички инструменти и гласови (музика за пеење; музика за свирење; музика за пеење и свирење; диригент; хор и солист; музички инструменти: пијано, виолина; народни инструменти: тапан, шупелка, гајда; гласови: детски, женски, машки.)

Стандарди за оценување

Препознава народни инструменти: тапан, шупелка, **гајда**.

Сценарио на час

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
На учениците им се даваат балончиња. Секое дете го дува своето балонче. Цврсто држејќи го крајот на балончето, пуштаат по малку воздух. Се создаваат продорни звуци. На крајниот дел од шупелките изработени на претходниот час им се става балончето кое се прицврстува со конец. Се поведува дискусија за обликот на новиот инструмент.

https://nabukva.mk/vnoti/opis_gajda.html

https://upload.wikimedia.org/wikipedia/mk/2/22/Epska_orska_improvizacija.ogg

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1** Учениците преку линковите визуелно го осознаваат материјалот од кој е направен овој инструмент. Се поведува дискусија за нашето минато и начинот на кој нашите предци создавале музика. Се разговара, како тие правеле инструменти.
**Активност 2.**
Учениците преку линковите слуховно се запознаваат со народниот инструмент гајда.
- Гајда (Последниот гајдаџија од Охрид).
Потоа следува дискусија за инструментот:
- Каков е звукот на гајдата?
- Каде најчесто може да се сретне звукот на гајдата?
- Како се вика музичарот кој свири на гајда?
Учениците ја илустрираат гајдата придружено со слухова интерпретација.

https://www.youtube.com/watch?v=VtkpykI6q_w

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Учениците преку квиз Kahoot ги проверуваат и утврдуваат знаењата за народниот инструмент, гајда.

**(квиз Kahoot)**

**Рефлексија на часот:**

Што правевте денес?
Како се чувствувавте денес?
Зошто делот на гајдата е наречен дувало?
Што значи зборот мев?
Кога мевот на гајдата е најголем?

**Гајда** или **мешница**
народен музички дувачки инструмент составен од мев (мешина), најчесто од коза, со три цевки за дување и за свирење.
Гајдата е составена од неколку делови и тоа: гајдарка, брчало, дувало, слагарче и мев изработен од животинска кожа, претежно од козја или овча кожа.

**Средства:**

Уред за репродукција на аудиозапис/видеозапис, звучници, цевчиња, балончиња.

**Меѓупредметна интеграција:**

Активноста за илустрација на гајда се интегрира со Ликовно образование, тема Цртање и Пластично обликување и градење.

6.

Содржина (поими)

Музички инструменти и гласови (музика за пеење; музика за свирење; музика за пеење и свирење; диригент; хор и солист; музички инструменти: пијано, виолина; народни инструменти: тапан, шупелка, гајда; гласови: детски, женски, машки.

Стандарди за оценување

Прави разлика меѓу **музика за пеење (вокална)**, музика за свирење (инструментална), музика за пеење и свирење (вокално-инструментална).

Сценарио на часот

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
Во училницата се поставуваат предмети од различен материјал. Се делат учениците во две групи. Првата група е задолжена за мелодијата – пеење на песничката „Трепкај, трепкај елкичке“ https://www.youtube.com/watch?v=mMhcN9lNSzk.
Втората група има за задача да ја надополни мелодијата со звуци од претходно изработените музички инструменти (тапан или други детски музички интрументи).
Се поведува разговор со учениците:
На кој начин можеме да создадеме музика?
Се потикнува мислењето на учениците дека музика се создава со помош на музички инструменти, со помош на човечки гласови и комбинирано.

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Со насоки на наставникот учениците подготвуваат мала драматизација која треба да ја изведат преку претходно обработени песни. Песните можат да бидат синтеза од различни жанрови, но познати за учениците. (Потребна е подготовка на оваа активност од страна на наставникот одреден период пред почетокот на часот). Драматизацијата е во зависност од содржините на избраните познати песни, обработените песни или песните од детското училишно секојдневие кои треба да покриваат одредена тематика. На пример: пријателство, семејство, традиција. Учениците да се стават во улога на солисти, но и во улога на групна изведба на одбраните песни. Драматизацијата треба да добие облик на мал детски мјузикл.
**Активност 2.**
Во подготовките при самата реализација на активноста се поттикнува разговор со учениците во кој се истакнува дека постои разлика во изведбата **соло пеење и пеење во хор - музика за пеење (вокална)**.

https://www.youtube.com/watch?v= mVUpKIFHqZk

https://www.youtube.com/watch?v= KoawwDb9Lzc

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

За да добие на квалитет креираниот мјузикл, учениците заеднички ја проследуваат вокалната музика Мачорот Станко во изведба на детски хор Лале од Тетово и изведба на солист Патриција Јанечкова позната оперска солистка. Меѓу останатото, наставникот ги насочува учениците да ја проследат визуелната артикулација и интерпретација на хористите и соло пејачот на композицијата. Им посочува дека многу важен сегмент е и начинот на интерпретација кој дополнително го задржува вниманието на гледачот, слушателот.

Активност во парови: Секој пар добива бел лист хартија кој го превиткуваат на половина, на едната страна еден ученик ги црта импресиите од музиката на солистот, а другиот ги црта импресиите слушајќи ја хорската изведба. Половините листови ги лепат на Т табела.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавме?
Како би се чувствувале подобро како солист или како член на детски хор?
Знаеш ли што значи зборот трема?
Колку е важна визуелната изведба на композицијата од страна на пејачот, хористот?

**Средства:**

Листови бела хартија, прибор за боење, лепак, маркер, уред за репродукција на аудиозаписи/ видеозаписи.

**Меѓупредметна интеграција:**

Драматизацијата се интегрира со Македонски јазик - подрачје: Слушање и говорење.

## 7.

**Содржина (поими)**

Музички инструменти и гласови (музика за пеење; музика за свирење; музика за пеење и свирење; диригент; хор и солист; музички инструменти: пијано, виолина; народни инструменти: тапан, шупелка, гајда; гласови: детски, женски, машки.

**Стандарди за оценување**

Прави разлика меѓу музика за пеење (вокална), **музика за свирење (инструментална)**, музика за пеење и свирење (вокално-инструментална).

**Сценарио на часот**

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
Игра „Погоди кој сум?“: Учениците се делат во групи. Добиваат задача да откријат за кој музички инструмент се работи. Со затворени очи внимателно слушаат звуци од различни музички инструменти (гајда, тапан, шупелка, виолина, хармоника) кои им ги пушта наставникот. Добиените одговори се запишуваат во табела на лист хартија или на табла. Потоа се пребројуваат точните одговори помеѓу групите. Учениците добиваат задача самостојно да нацртаат еден од музичките инструменти со затворени очи.

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Игра „Замрзната музика“
Учениците се поставуваат на празен простор во училницата или во училишната сала. Наставникот има подготвено делови од различни композиции (предлог активности од наставна програма по музичко образование). Добиваат насоки, кога ќе слушнат музика за пеење не се движат “замрзната музика“, а кога ќе слушнат музика за свирење да се движат во согласност со карактерот на музиката.
**Активност 2**
Наставникот поставува слики со музики инструменти. Ги поттикнува на размислување како се создава музиката со музичките инструменти од сликите (со удирање, со дување, со треперење). Заклучуваат дека музиката која се создава со еден или повеќе музички инструменти се вика **инструментална музика**.
**Активност 3**
Учениците следат видеопрезентација (прилог линк) со музика за свирење каде се вметнати и звуци од природата. По слушањето заеднички дискутираат за начинот на создавање на инструменталната музика, кои музички инструменти ги препознале во изведбата на оркестарот како и улогата на диригентот кој со помош на диригентската палка управува со оркестарот.

https://www.youtube.com/watch?v=1miohLVZobE

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Работа во групи

Учениците слушаат и воедно емоционално ја доживуваат композицијата Четири годишни времиња од Вивалди. Поделени во групи имаат задача да ја илустрираат. Наставникот ги поттикнува и мотивира додека трае слушањето за да може полесно да ги откријат годишните времиња. Потоа следи презентација на групите, разговор за карактеристиките на музиката за секое годишно време.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавме?
Кој дел од музиката што ја слушавме побуди кај вас највесели чувства?
Во кое годишно време мелодијата е највесела? Зошто?

**Средства:**

Бели листови хартија, прибор за цртање, прибор за сликање, хамери, уред за репродукција на аудиозаписи/видео записи.

**Меѓупредметна интеграција:**

Ликовно образование: Сликање на годишните времиња и довршување на активноста на еден голем заеднички хамер/постер, а потоа негово истакнување во училишниот хол.
Математика - Работа со податоци, преставување во табела.

## 8.

**Содржина (поими)**

Музички инструменти и гласови (музика за пеење; музика за свирење; музика за пеење и свирење; диригент; хор и солист; музички инструменти: пијано, виолина; народни инструменти: тапан, шупелка, гајда; гласови: детски, женски, машки.

**Стандарди за оценување**

Прави разлика меѓу музика за пеење (вокална), музика за свирење (инструментална), **музика за пеење и свирење (вокално-инструментална)**.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности: активирање на предзнаења**
Игра: Музичко столче
Учениците се делат во три групи. Секоја група се поставува во круг со столчиња и ја играат играта: прва група ја игра играта на музика за пеење (вокална), втора група на музика за свирење (инструментална) и трета група на музика за свирење и пеење (вокално - инструментална) - (предлог музика од наставната програма) кои им ги пушта наставникот.

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Се поведува дискусија. Што ви се допадна во играта? Во што се разликувше музиката во групите? На кој вид музика играше секоја од групите?
**Активност 2**
Учениците следат визуелна презентација за вокално-инструментална музика - Чудна случка, во изведба на Симон Трпчевски. Им се даваат ливчиња со рамка за изработка на стрип. Разговараат за содржината на проследениот видеоматеријал, за хронолошкиот редослед на настаните во истиот, за начинот на кој е создадена музиката и прават споредба на вокална со инструментална музика. Наставникот повторно им ја пушта композицијата на учениците и ги поттикнува да го креираат својот стрип.

https://www.youtube.com/watch?v=cbkwDdblKzU

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Учениците добиваат картички со букви од азбуката со цел да ги состават поимите изучени на тој час (вокална - инструментална музика). Додека работат ја слушаат детската песна „Нашата азбука“

https://www.youtube.com/watch?v=Wqj8W1s-_tw&t=1s

**Рефлексија на часот:**

Кој тип на музика најмногу ви се допаѓа?
Што значи зборот вокал?
Зошто се вика вокално - инструментална музика?

**Средства:**

Бели листови хартија, прибор за цртање, прибор за сликање, хамери, уред за репродукција на аудиозаписи/ видео записи.

**Меѓупредметна интеграција:**

Ликовно образование - Креативни изработки на буквите од азбуката со природни материјали ориз, лека, грав, семки, волница и др.
Македонски јазик - Изразување и творење - хронолошки редослед на настани.

# 9.

Содржина (поими)

Музички инструменти и гласови (музика за пеење; музика за свирење; музика за пеење и свирење; диригент; хор и солист; музички инструменти: пијано, виолина; народни инструменти: тапан, шупелка, гајда; гласови: детски, женски, машки.

Стандарди за оценување

Прави разлика меѓу музика за пеење (вокална), музика за свирење (инструментална), музика за пеење и свирење (вокално-инструментална).

Сценарио на часот

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
Учениците се поделени во три групи. Секоја група добива флипчарт и самолепливи стикерчиња. На стикерчињата секоја група запишува клучни зборови кои се дел од карактеристиките на:
**Прва група**: Вокална музика (пр.солист, хор, детско хорче, гласови).
**Втора група**: Инструментална музика (пр.инструменти, оркестар, диригент...).
**Трета група**: Вокално-инструментална музика (пр. пејач и инструменти, хор и инструменти...).
Групите се ротираат, ги дополнуваат карактеристиките за видовите музика и го презентираат сработеното.

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Група Хор - хористи. Оваа група пеат песна по избор придружувајќи го пеењето со сопствена кореографија.
Група Бенд - инструменталисти. Формираат свој бенд кој со Орфови инструменти ја придружува песната на првата група.
Двете групи заедно се формираат целина, вокално-инструментална музика.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Учениците се поставени во круг. Играат игра во која на слушната вокална музика сите се фаќаат за раце, на инструментална музика сите клекнуваат, а на слушната вокално - инструментална музика се вртат во круг. Секој што ќе направи неправилно движење ја напушта играта.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавте?
Со каква музика би сакале да се разбудите, а со каква да заспиете?

**Средства:**

Листови хартија, картон, колаж, прибор за боење, лепак, хамер или флипчарт, ориз, уред за репродукција на аудиозаписи/видео записи.

**Меѓупредметна интеграција:**

Физичко и здравствено образование
Подготвување кореографија на детска песна / народно оро/ танго,
Ликовно образование -
Цртање и сликање на инструменти.

## 10.

**Содржина (поими)**

Музички инструменти и гласови (музика за пеење; музика за свирење; музика за пеење и свирење; диригент; хор и солист; музички инструменти: пијано, виолина; народни инструменти: тапан, шупелка, гајда; гласови: детски, женски, машки.

**Стандарди за оценување**

Прави разлика меѓу **соло** и хорска **изведба** со детски, женски и машки гласови.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
Учениците играат игра за загревање Музичко столче. Наставникот пушта музика и наеднаш ја запира.
Учениците додека има музика прават движења застанати до своето столче, а кога ќе запре музиката седнуваат на него. Кој ќе седне последен ја напушта игра. Потоа следи дискусија за содржината на песната: За што се пее во песната?
Кои гласови ги слушате во песната? (машки, женски или детски глас).

https://www.youtube.com/watch?v=-oarzZxooOA- *Нашата азбука*

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Преку видеопрезентација учениците се запознаваат со соло изведба, видови човечки гласови, изведувачи и соло пејачи.
Им се демонстрираат примери - слушање музика со различни соло изведби, а учениците се обидуваат да ги препознаат изведувачите според застапеноста на гласовите (машки, женски или детски).
По секоја слушната композиција, следува дискусија:
-Кој учествува во исполнување на композицијата?
- По што се слични, а по што се разликуваат композициите?
*Предлог примери - видови гласови:*

https://www.canva.com/folder/FAE1DqVjly4/videos/VAE1J5R-JQw презентација

Соло изведба.mp4

https://youtube.com/watch?v=-nFptObw_wU детски глас

https://www.youtube.com/watch?v=re9tkxUvkZo женски глас

https://www.youtube.com/PcqMfsUCVIs ***Нек свуд љубав сја*** – музика за деца/машки глас

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Од волшебна торбичка секој ученик извлекува сликичка (прилог 2) на која е претставено соло пеење, но со различени гласови (машки, женски и детски).

Учениците кои ќе извлечат слики со детски глас (машки или женски), пеат по една строфа од композицијата „Нашата азбука“.

На крајот сите ученици заедно ја пеат целата, со што им се најавува активноста за следниот час.

**Рефлексија на часот:**

Што ви се допадна?
Што научивте?
Каде треба да појдете за да проследите хорска изведба?
На кој фестивал си слушал детски хор?

**Средства:**

Уред за репродукција на аудиозаписи/видеозапис, звучници, картички со слики за машки, женски и детски гласови.

**Меѓупредметна интеграција:**

Активноста од воведниот и завршниот дел од часот, пеење на композицијата „Нашата азбука“ се интегрира со предметот Македонски јазик.

## 11.

**Содржина (поими)**

Музички инструменти и гласови (музика за пеење; музика за свирење; музика за пеење и свирење; диригент; хор и солист; музички инструменти: пијано, виолина; народни инструменти: тапан, шупелка, гајда; гласови: детски, женски, машки.

**Стандарди за оценување**

Прави разлика меѓу соло и **хорска изведба** со детски, женски и машки гласови.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
Активноста започнува со игра „Опиши ме!“:
Секој ученик извлекува картичка и ја опишува сликата на картичката (прилог 3).
Каков вид музика е претставено на сликата? (вокална, вокално-инструментална или инструментална).
Кој ја изведува музиката и колку изведувачи има на сликата?

https://youtu.be/OzsbFghg
Gts - ***Stigleci - Prvi ples / Првиот танц*** -
детска популарна песна

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**

https://www.youtube.com/watch?v=h461SPp-fyM – ***Tocatia*** - детски хор ***Лале*** од Тетово (музика за пеење, детски гласови).

Учениците ја проследуваат композицијата „Првиот танц“.
Следува дискусија: Колку гласови се слушаат во строфите, а колку во рефренот? Можете ли да разликувате какви гласови се слушаат во строфите, а какви гласови во рефренот?
Со насоки од наставникот учениците воочуваат дека во строфите пее солист, детски глас, а во рефренот пеат група деца, детски хор. Забележуваат и дека со хорот управува, диригира диригент.

**Активност 2**
Се поведува разговор со учениците: Каде сте слушнале изведба на училишниот хор? Од кое одделение се учениците кои пеат во училишниот хор? Кој е диригент на училишниот хор?
Во договор со диригентот на училишниот хор учениците реализираат посета и проследуваат нивна проба (подготовка). Пред посетата во просториите на училницата изработуваат диригентско стапче (палка).

**Активност 3**
Учениците проследуваат/слушаат делови од различни хорски изведби и се обидуваат да ги препознаат според составот на хорот (машки, женски хор или детски хор). Секоја композиција е проследена со дискусија: Каков хор ја исполнува песната? Во кој дел од песната пее солист? По што се слични, а по што се различни композициите што ги слушнавме?

https://www.youtube.com/watch?v=e9d1FuCPAwM – Моцарт: Прекрасен звук, од операта Волшебната флејта - музика за пеење и свирење, детски хор, детски гласови, диригент.

https://www.youtube.com/watch?v=GKaT-SGhTHA – Oј Јано, Јано – машка пејачка група на НУ Танец (машки гласови).

https://www.youtube.com/watch?v=9FESAbgSk1A –) Пошла мома на вода (женски хор а капела) - женски гласови.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Игра за проверка на усвоеноста на стандардот.
Наставникот дава насоки за реализација на играта. Учениците кога ќе слушнат дел од машки хор треба да се станати од столчето, кога ќе слушнат женски хор да се седнати на столчето, мешан хор да се завртат во круг и детски хор да заиграат во место. Учениците кои ќе погрешат излегуваат од игра.

**Рефлексија на часот:**

Каква улога има диригентот?
Зошто е важен диригентот?
Зошто стои сам пред сите?

**Хор** е поголема група пејачи кои заедно исполнуваат повеќегласни хорски композиции, со или без инструментална придружба.
Хорот може да биде: машки, женски, мешан хор и детски хор.
Кога се пее во хор пеењето се усогласува со гласовите на другите хористи. Се пее со умерена јачина и се следи диригентот.
**Диригент** е лице кое со движење на рацете,со помош на или без диригентската палка управува со оркестар или хор.

**Средства:**

Уред за репродукција на аудиозапис/видеозапис, звучници, картички со видови на музика, стапче/палка од хартија.

**Меѓупредметна интеграција:**

Ликовно образование - Обликување, диригентска палка.
Македонски јазик - Слушање и говорење

## 12.

Содржина (поими)

Видови музика

(класична музика, музика за деца – детски песни, музика од анимиран филм, народна музика)

Стандарди за оценување

Разликува кој вид е музиката која ја слуша врз основа на композициите кои претходно ги слушнал/-а.
Наведува најмалку по една композиција од секој вид музика.

Сценарио на часот

**Воведни активности - активирање на предзнаења**
Часот започнува со разговор за слушнати, обработени песни.
Учениците кажуваат наслови на различни песни.
Се кажува еден збор како асоцијација за песната, а учениците го именуваат насловот на песната која го содржи дадениот збор. (на пр: Јована, девојче, мома, азбука, Јана, флејта, танц...)
Наслови на песни: Јовано - Јованке, Македонско девојче, Пошла мома на вода, Нашата азбука, Волшебната флејта, Првиот танц.

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Наставникот споделува/пушта делови од композиции, учениците слушаат и размислуваат во кој вид на музика припаѓа она што го слушнале (класична музика, детска музика, народна музика, музика од детски филм). Доколку го знаат го кажуваат насловот и изведувачот на музиката.
**Активност 2**
Учениците демонстрираат музички изразни средства презентирани од наставникот: ритам, темпо, динамика, преку невербална гестикулација/ритмички движења и/или со цртање или пишување.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Учениците играат игра од натпреварувачки карактер и тоа натпревар во именување на наслови на различни видови музика.
Учениците се делат во групи. Секоја група за одредено време именува наслови на песни или композиции од различен вид. Насловите ги запишува на флипчарт/табла/хамер во претходно направена табела со видовите музика . Победник е групата која ќе напише повеќе наслови на песни.

**Рефлексија на часот:**

Која активност ви се допадна најмногу?
Што научивте?
По што ги препознаваш/разликуваш композициите?

**Средства:**

Уред за репродукција на аудиозапис/видео запис, звучници, ливчиња со наслови на

**Меѓупредметна интеграција:**

**Македонски јазик**
Слушање и говорење - асоцијација според дадени зборови

**Класична музика** (уште се нарекува сериозна музика) -ги евоцира класичните традиции, се фокусира на формални стилови, се занимава со детална деконструкција и критика и бара особено концентрирано внимание од слушателот. Класичната музика ја задржува својата популарност и ден-денес, а тоа сведочи за неодминливиот нејзин квалитет.
**Народна музика** (песни и ора) - се пренесувале од генерација на генерација. Имињата на авторите не се познати. Народот пеејќи ги песните, постојано ги менувал, ги украсувал, додавал, скратувал.
**Музика** од **анимиран филм**- почесто е застапена класична музиката, која според карактерот е поврзана со драмското дејство (содржината) на филмот. Движењата на ликовите се во координација со музиката која може да биде специјално напишана за филмот или да се земат познати музички композиции и песни од забавната и од класичната музика.

## 13.

**Содржина (поими)**

Видови музика

(класична музика, музика за деца – детски песни, музика од анимиран филм, народна музика).

**Стандарди за оценување**

Разликува кој вид е музиката која ја слуша врз основа на композициите кои претходно ги слушнал/-а.
Наведува најмалку по една композиција од секој вид музика.

Презентација - Квиз.pptx

**Сценарио на часот**

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
Со примена на квиз учениците се потсетуваат на музички инструменти, видови музика, видови хор и гласови кои ги исполнуваат хорските композиции.

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Учениците се делат во групи:
- Првата група ученици пишуваат наслови на песни кои ги знаат од народната музика;
- Втората група ученици пишуваат наслови на песни кои ги знаат од музиката за деца;
- Третата група ученици пишуваат наслови од класичната музика.

Секоја група презентира и меѓусебно се надополнуваат.

**Активност 2**
На ливчиња се запишуваат насловите на обработените песни и композиции. Учениците извлекуваат ливче и во групи ја започнуваат играта „Асоцијација“. Со цел поефикасно и побрзо да се реализира активноста, групата што го има ливчето може три пати да и асоцира на групата што кажува букви, со клучен збор кој е карактеристика на песната, композицијата од ливчето.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Учениците се делат во групи. Секоја од групите извлекува ливче на кое е запишан наслов на некоја песна (детски песни, народни песни, музика од филмови). Групата се потсетува на песната и има задача да ги прилагоди движењата според карактерот на песната и го презентира пред останатите. Победник е групата која ќе добие најсилен аплауз.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавте денес?
Кој вид музика најмногу ја слушате?
Која ви е омилена песна?

**Средства:**

Уред за репродукција на аудиозапис/видеозапис, звучници, ливчиња со наслови на видови музика.

**Меѓупредметна интеграција:**

Македонски јазик - Читање и пишување.

## 14.

**Содржина (поими)**

Видови музика

(класична музика, музика за деца – детски песни, музика од анимиран филм, народна музика)

**Стандарди за оценување**

Разликува кој вид е музиката која ја слуша врз основа на композициите кои претходно ги слушнал/-а. Наведува најмалку по една композиција од секој вид музика.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
Учениците се поделени во две групи и добиваат различни задачи. Првата група слуша предлог класична и предлог народна музика https://www.youtube.com/watch?v=RnJHUHkrfQo
https://www.youtube.com/watch?v=xV9e9rDsxOw.
Втората група слуша предлог музика за деца и музика од анимиран филм https://www.youtube.com/watch?v=lp6z3s1Gig0
https://www.youtube.com/watch?v=wWslfkI4XQw.
https://www.youtube.com/watch?v=19piJKYvBFU

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Се поведува дискусија по прашања од страна на наставникот. Која е разликата помеѓу класичната и народната музика? Со какви инструменти се создава класичната, а со какви народната музика? Како ја доживувате едната, а како другата? Какви чувства будат кај вас додека ги слушате? Учениците одговараат на прашањата и се надополнуваат. Потоа следува дискусија со втората група ученици на поставени прашања. Каква разлика постои помеѓу музиката за деца и музиката од цртаниот филм? Која музика ве прави среќни?
**Активност 2**
Учениците се поделени во повеќе групи. Наставникот има претходно подготвени картички, на секоја картичка има по еден вид музика (пр. класична, народна, музика за деца, музика од анимиран филм). Секој ученик си извлекува по една картичка и има задача да наведе пример соодветен за музиката која му е запишана на картичката. Учениците си помагаат во групите и се потсетуваат на изучените примери музика.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Групите се претставуваат со презентирање на картичките и наведување примери за видовите музика така што секој ученик учествува во активноста и наведува по еден пример. По успешно завршената активност учениците го проследуваат предлог линкот со музика од цртан филм https://www.youtube.com/watch?v=BZv5nHRo7X0 – *ERDHI MAMI* – цртан за волкот и јарињата. https://www.youtube.com/watch?v=L0MK7qz13bU

**Рефлексија на часот:**

Што научивме денес?
Како се чувствувавте?
Кој вид на музика најмногу ви се допаѓа?
Каде се изведува класична музика, а каде народна?

**Средства:**

Уред за репродукција на аудиозапис/видеозапис, звучници, картички со видови музика.

**Меѓупредметна интеграција:**

Македонски јазик, подрачје, медиумска писменост, запознавање со анимиран филм.
Физичко и здравствено образование - Тема: Играм и спортувам, играње народно оро.

## 15.

**Содржина (поими)**

Музички изразни средства (мелодија, ритам, метар, бавно – брзо – умерено, високи/ниски тонови, гласно – тивко)

**Стандарди за оценување**

Идентификува мелодија и ритам во слушаните композиции.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
Учениците се поставени во круг. Ако постојат услови, седнати се на под. Наставникот покажува, демонстрира ритам кој е проследен со плескање со рацете, тапкање со нозете на подот и се надополнува со кажување на името на учениците, нивниот омилен спорт, јадење или сл.

https://www.youtube.com/watch? v=g7Wjl9x4N3U&t=149s

https://www.youtube.com/watch?v=qmsbP13xu6k

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1**

Секој ученик пред себе има јагленче и лист А4. Учениците го слушаат следниот предлог ритам со меѓусебен договор за внимателно слушање. Слушаат и ги цртаат сопствените импресии, но притоа не гледаат во листот хартија, туку во своето другарче од десната или левата страна во кругот.
Меѓусебно разговараат за ритмичкото континуирано збогатување на композицијата.
Ги поставуваат цртежите во средината на кругот и разговараат за врската на цртежите со имресиите и ритмичките промени во композицијата.

**Активност 2**

Се поставува на подот на училницата флип чарт хартија или 4 големи хамери кои се поврзани (залепени) еден со друг со покусата страна. Учениците се наредени во колона пред покусата страна на добиениот голем правоаголник од хартија. Додека ја слушаат ритмичката композиција еден по еден од стоење седнуваат, а потоа легнуваат на хартијата. Започнуваат да се тркалаат по надолжна линија на телото придвижувајќи ги рацете од над главата до покрај телото, оставајќи трага со ќумурчето (креди во боја) по хартијата. Трагата треба да биде во ритамот и нивното доживување на истиот.
Водат разговор во групи, разгледувајќи го добиениот цртеж на хартијата.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Учениците креираат ритам со употреба на предмети од непосредното опкружување (молив, боички, линијар, шише, 3Д форми...). Меѓусебно се усогласуваат и заеднички ритмизираат и прават видеозапис.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавме?
Кој го поттикна вашето добро расположение?
Создади ритам со усните!

**Средства:**

Картон А4 формат, лист хартија, ќумурче, дрвени боички, линијар, хамер, флипчарт.

**Меѓупредметна интеграција:**

Ликовно образование - Цртање;
Физичко и здравствено образование - Играм и спортувам, тркалање по надолжна линија.

## 16.

**Содржина (поими)**

Музички изразни средства (мелодија, ритам, метар, бавно – брзо – умерено, високи/ниски тонови, гласно – тивко).

**Стандарди за оценување**

Идентификува мелодија и ритам во слушаните композиции.

**Сценарио на часот**

https://www.youtube.com/ watch?v=29UBLzLX_us

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
Учениците следат дел од филмот Рио 1.
Кусиот, но богат исечок од цртаниот филм е само поттик за следната фаза каде што учениците ја слушаат темата, композицијата без придружно видео (само звук).

https://www.youtube.com/watch?v=EiWi2Jhb8So&list=PL3jYKVl0bSm6wWJjtkXPtzFD2xGjlnA

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Работа во парови. Еден член од парот има покриени очи со марама. Пред него другарчето од парот ја поставува хартијата со подлогата, рамката и три различни дрвени боички. Се пушта предлог-мелодијата. Додека учениците ја слушаат, ученикот со марама на очите ги бележи, црта своите импресии на хартијата пред него. На ист начин продолжува активноста со тоа што наставникот ја пушта ритмичката композиција од претходниот час. Се поведува разговор со учениците за мелодијата, која како приказна нешто ни раскажува, а ритамот кој може да биде создаден од звуци или шумови од инструменти или различни предмети и е дел од приказната наречена мелодија.
**Активност 2**
Учениците ја слушаат ритмичката композиција од предходниот час, а другиот ученик од парот со врзани очи со марама ги црта своите импресии со молив или ќумурче на истиот лист на кој претходно работеше со дрвените боички првиот ученикот од парот.
Водат разговор во групи, разгледувајќи го добиениот цртеж на хартијата.

https://www.youtube.com/watch?v=qmsbP13xu6k

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Се поставуваат изработките на паровите на видно место во училницата и се поведува разговор на ниво на паралелка за двете слушнати композиции. Кои се разликите и сличностите? (Еден од заклучоците кон кои треба да тежнее наставникот, а да произлезе од учениците е дека најголем дел од композициите се целина од мелодија и ритам).

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавме?
Колку внимателно ги слушате звуците од вашето непосредно опкружување?
Каква музика (мелодија и ритам) можеш да создадеш од непријатни и пријатни звуци?

**Средства:**

Марама, дрвени боички, ќумурче аудио и видео запис, ИТ опрема.

**Меѓупредметна интеграција:**

Ликовно образование, Природни науки, Други активности
https://www.nationalgeographic.org/media/hula/
Ритамот и мелодијата за Хула танцот настанал како инспирација од брановите на водената површина. Создадете ритам од звуци од вашето непосредно опкружување.

## 17.

**Содржина (поими)**

Музички изразни средства (мелодија, ритам, метар, бавно - брзо – умерено, високи/ниски тонови, гласно - тивко).

**Стандарди за оценување**

Разликува аудитивни контрасти (високо – ниско, кратко - долго, бавно - брзо – умерено, гласно – тивко).

**Сценарио на часот**

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
Активноста се реализира во парови. Секој пар треба да ја нацрта училницата и патека на неа, по која патека на различен начин ученикот ќе стигне од вратата до своето столче. Пред да започнат со самостојната активност, разговараат за тоа со која брзина, со какви чекори и колку треба да се гласни во чекорењето при реализација на задачата.

**Главни активности – искуствено учење:**
На празен ѕид во училишното опкружување се поставуваат два хамера и тоа од подот нагоре по нивната должина. Нивната височина да ја надминува височината на највисокото дете од паралелката и тоа височина на ученикот со крената рака нагоре. Учениците се делат во групи. Секој ученик во раката има фломастер со две дебелини на трага и една дрвена боичка. Наредени еден позади друг учениците ќе ја слушаат композиција преку која треба да го препознаат и нацртаат начинот на движење на промените во композицијата низ листот/хамерот. Секоја ученик пред хамерот се задржува само десетина секунди, слушајќи ја композицијата, претставува аудитивни контрасти (високо – ниско, кратко - долго, бавно - брзо – умерено, гласно – тивко) со линија.

https://www.youtube.com/watch?v=3X9LvC9WkkQ&list=PLpjy2OnFlULt-YVeaiWdGoAZLBvn1kyOd

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Разговор за добиениот цртеж, наспроти композицијата. Додека тивко во позадина ја следат композицијата го опишуваат цртежот. При проследувањето на исказите наставникот ги насочува учениците да ја пронајдат врската на аудитивни контрасти со чекорењето и ликовната експресија на учениците.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавме?
Колку внимателно ги слушате звуците од вашето непосредно опкружување?
Каква музика (мелодија и ритам) можеш да создадеш од непријатни и пријатни звуци?

**Средства:**

Хамери, фломастери, дрвени боички, видеозапис и аудиозапис, ИТ-опрема.

**Меѓупредметна интеграција:**

Ликовно образование: Изработка на воден ксилофон.

# 18.

| | |
|---|---|
| Содржина (поими) | ПОВТОРУВАЊЕ НА ТЕМАТА |
| Стандарди за оценување | ПОВТОРУВАЊЕ НА ТЕМАТА |

Сценарио на час

**Воведни активности - активирање на предзнаења**
Се чита кратка приказна во која учениците се запознаваат со Јована како главен лик. Прилог текст: Конечно се случила и неколку дневната екскурзија која Јована со нетрпение ја очекувала .Не можела ниту да претпостави дека ќе си помине толку убаво. Најважната работа е дека си запознала нови другарчиња Предраг, Синан, Ајше и Вилдан. Припадноста кон различни етнички заедници само ја зацврстила нивната сплотеност и дружба. Секој ден го поминувале заедно. Јована случајно дознала дека на Ајше ѝ е роденден. Со другите другарчиња се договорила вечерта да ја изненадат со роденденска торта и забава.
Учениците добиваат задача да дадат предлози на музика за роденденската забава. (Учениците ги кажуваат своите предtлози...)

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1.**
Учениците добиваат картички со броеви од 1 до 10. На пуштени предлог-линкови кои наставникот им ги пушта, учениците ги покажуваат картите со броеви давајќи така поени за понудениот линк музика. Музиката што ќе добие најмногу десетки за поени ќе биде избрана и слушана на роденденската забава на Ајше.
https://youtu.be/oiLwljZIq7U – ***Otobüsün Tekerleği/Тркалата на автобусот***
https://www.youtube.com/watch?v=N4JZTQuPgG0 – ***Dy dhe Dy bëjnë Katër/Два и два се четири.***
https://youtu.be/0zsbFghgGts – ***Stigleci – Prvi ples/Првиот танц*** – детска популарна песна.
https://www.youtube.com/watch?v=xvX2d1kg2h8 – Српске гајде (српски гајди) - ***Власинка.***
https://www.youtube.com/watch?v=RnJHUHkrfQo – ***Го пратиле дедо в планина, детски хор Македонски ѕвончиња.***
https://www.youtube.com/watch?v=Z3dRPYKXtWQ – Паганини: ***Варијации на каприс бр. 24*** - инструмент виолина (детски ансамбл, виолини).
https://www.youtube.com/watch?v=XxaR7Ybpmpg – ***Роденден е денот што го чекаме, Златно славејче*** - музика за пеење и свирење.Учениците ги запишуваат податоците во табела и добиваат јасна слика кои композиции добиле најмногу поени за да бидат слушани за роденденот на Ајше.
**Активност 2**
Учениците се организираат во групи односно формираат свои бендови. Секоја група/бенд има задача да се претстави со една композиција која би можела да се изведе на роденденот (Композициите може да бидат претходно учени или да си ги измислат на час. Сами одбираат колку членови ќе брои нивниот бенд, ќе имаат ли пејач или ќе пеат во хор, ќе имаат ли инструменти за придружба или можеби ќе направат оркестар. Секоја од групите се претставува со своја изведба.)

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Додека тече одбраната роденденска музика во позадина, учениците ги илустрираат своите замислени впечатоци од роденденската забава на која и тие виртуелно учествуваат. Се прави изложба на цртежите и заедничко анализирање на добиените импресии на хартија.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавме?
Колку внимателно ги слушате звуците од вашето непосредно опкружување?
Каков тип на музика сакате да слушате на вашата роденденска забава?

**Средства:**

Аудиовизуелен апарат и ликовен прибор.

**Меѓупредметна интеграција:**

Македонски јазик: Слушање и говорење;
Ликовно образование: Цртање.



# ПРИЛОЗИ

## Прилог 1



## Прилог 2

| | | |
|---|---|---|
|  gg106504342 www.gograph.com |  |  |
|  shutterstock.com · 44541538 |  |  |
|  |  |  dreamstime.com |

**Прилог 2**



# ТЕМА: ПЕЕМЕ, СВИРИМЕ И ИГРАМЕ

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

Пее песни, самостојно и во група, почитувајќи ги правилата и техниката на пеење.

Свири на детски музички инструменти по слух, со правилна техника на свирење и со употреба на изучените музички елементи.

Пее и свири едноставни мелодиски вежби по нотен запис, со употреба на изучените музички елементи.

**Ученикот/ученичката ќе:**

Развива креативност преку учество во музички игри и танци, со примена на изучените музички елементи.

# 1. ПРИМЕРИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ СО ПРЕДЛОГ МАТЕРИЈАЛИ ЗА НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА

**Содржина (поими)**

Песни и броеници во опсег до1 – си бе-мол1

**Стандарди за оценување**

Демонстрира јасна дикција, точна артикулација и ритам при кажување броеници.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности - активирање на предзнаења**
Со учениците се поведува дискусија за содржината на илустрацијата на која е претставен селски двор, во дворот куќичка, баба, внучиња кои играат криенка, животни и птици меѓу кои и кокошки, квачки во нивните гнезда (интерактивна табла, презентација на ит опрема или приказ креиран на хамер од слики, исечоци од детски списанија заедно со учениците, именуван како селски двор).

**Главни активности – искуствено учење:**
На следниот слајд на интерактивната табла наставникот визуелно ја претставува броеницата.
Ба - ба јај - ца ре - де - ла, на три квач - ки, в’се - де - ла, ед- на, две, три, ќе ни ми - жиш ти! (Секој слог е претставен во јајце.) Наставникот ја пее целата броеница со задолжителна интонација е1 .
Потоа следи обработка на броеницата по фрази. Првата фраза ја пее наставникот со две, или три повторувања во умерено темпо, потоа тоа го прават учениците. Откако учениците ќе ја совладаат првата фраза, се преминува на совладување на втората фраза. Следува поврзување на двете фрази. Откако учениците ќе ги совладаат двете фрази следи обработка на третата фраза.
(Треба да се обрне посебно внимание на: интонацијата, јасна дикција, почетоците и завршетоците да бидат изедначени. Во тековната работа со бројалката, може да се користи и ритмичка поддршка, четвртина нотна вредност, изразена со плескање на дланките, а осмина нотна вредност пукање со прстите.)
Обработката на броеницата може да биде проследена со движења на телото, главата, екстремитетите на учениците во духот на имитирање на содржината.
(При планирањето на сценариото за час наставникот може да ја интегрира оваа содржина со Македонски јазик, Ликовно образование, како и со воннаставните и други активности. Временската рамка може да му овозможи да творат на оваа содржина, да читаат гатанки и хумористични содржини, да цртаат или за велигденските празници да декорираат јајца.)

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Учениците ја пеат броеницата по редици: првата и третата фраза тивко, а втората и четвртата фраза гласно и обратно.

Пеење во парови, индивидуално пеење, пеење со промена на темпо (бавно, умерено, брзо), пеење со промена на динамика (гласно, тивко) и пеење со промена на интонација во опсег од е 1 до g1.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавме?
Која броеница си ја научил од твојата баба?
Кога се кажуваат броениците?
Во кои игри со твоите другарчиња кажувате броеници?

**Средства:**

Интерактивна табла или уред за репродукција на аудиозапис/видеозапис.

**Меѓупредметна интеграција:**

Македонски јазик: Слушање и говорење, содржина изговор, слогови.
Ликовно образование: Сликање.

## 2.

**Содржина (поими)**

Песни и броеници во опсег до1 – си бе-мол1

**Стандарди за оценување**

Пее одреден број **песни за деца** и народни песни во опсег до1 – си бе-мол1, со правилен пејачки став и правилно дишење.
Пее во група со другите со усогласено темпо, динамика и ритам во опсег **до1 – си бе-мол1**.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности - активирање на предзнаења**
https://www.youtube.com/watch?v=g362gsxVbcw
Воведување во содржината на песната „Светот на Биби е шарен“. Учениците се поделени во групи. Секоја група има по една боја (темпера) во комбинација со белата. Имаат за задача да создадат што поголем број нијанси од својата боја. Се поведува дискусија поттикната од прашањето: Што е шарено?
Насоки:
Вежбите за дишење се еден од најважните сегменти на кои наставникот треба да посвети внимание. Од своето раѓање децата ја користат дијафрагмјата (широк мускул) при дишењето. Со неправилниот начин на реализација на разновидни активности со учениците во училиштето, како на пример читање, пеење тие заборавaат, односно не ја користат истата. Од таа причина се предлог следните вежби за правилно дишење. (https://www.youtube.com/watch?v=RiMb2Bw4Ae8.)
Истите наставникот може да ги примени како интегриран дел на сценариото на час.

Предлог активности:
Нежно дување за да создадете меурчиња од сапуница е добар начин да се забавувате со учениците и да дишете длабоко. Децата треба да дуваат внимателно и полека за да направат меурчиња од сапуница.
Во училишна сала, учениците се поставуваат во легната позиција, на грб, на душек. Ставете им плишано животно на стомакот. Нека дишат и го преместуваат плишаното животно нагоре, а потоа кога ќе издишат да се врати плишаното животно надолу. Ова помага да ги научиме децата да го користат својот стомак за да земаат големи длабоки вдишувања. Следен чекор е да користите плишано животно, но потешко од претходното.
Земете неколку обоени пердуви и изберете еден пердув што ќе го користите. Тој може да биде во боја што ја сакаат или боја што прави да се чувствуваат смирени. Вдишете и држете го здивот броејќи до три, а потоа издишете горе на едната страна од пердувот и надолу од другата страна. Обидете се пердувот да не падне.

**Главни активности – искуствено учење:**
Пред учениците е поставен прибор за сликање (предлог: водени боички). Обработката на песната е проследена со континуирано сликање на содржината на песната. Поради сликовитост на видеозаписот и неговата поврзаност со содржината на песната, тоа веднаш се проследува заедно со учениците. По проследувањето на видеозаписот, наставникот или ученик ментор ја чита содржината на песната со изразени уметнички вредности: јасна дикција и акцент, динамика, правилно земање на воздух, и сето тоа во умерено темпо. Се поведува разговор за содржината, односно непознати зборови во содржината на песната. Потоа следи обработка на песната, по принципот на мали музички реченици – фрази. Еден стих е една фраза, но тоа може да има и одредени отстапувања во зависност од темпото, од мерната единица како и од карактерот на песната. Наставникот ја пее првата фраза или ја проследуваат преку видеозаписот/аудиозаписот, а потоа учениците ја повторуваат. Во текот на пеењето потребно е наставникот да го контролира пеењето на учениците, како на пр: чиста интонација, јасна дикција, пеење без напрегање и др. На истиот начин се обработуваат сите фрази на песната поодделно и со напоредно, последователно нивно спојување. Откако учениците ќе ја научат песната да ја пеат, следи изразно финализирање (дотерување) во однос на дикцијата, правилното земање на воздух, естетското фразирање, соодветни динамички нијансирања, соодветното темпо, складното (не прегласно) пеење и друго.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**
Со совладување на песната, истата се пее во групи, секоја група пее по една строфа и тоа со промена на динамика, потоа следи пеење во парови; индивидуално пеење; и други комбинации во договор со учениците и наставникот. Музичката интерпретација може да се преоследи паралелно од истакнување на ликовните изработики (експресии) на учениците на простор во училницата кој е дел од уметнички ќош.

**Рефлексија на часот:**

Што научивме?
Како се чувствувавте?
Кои се боите на светот на Биби?
Каков е светот на децата?
Зошто децата сакаат да пеат?

**Средства:**

Палета со различни темперни бои,водени бои, уред за репродукција на аудиозапис/ видеозапис.

**Меѓупредметна интеграција:**

Ликовно образование – Изготвување на изложба од готови творби и нивна анализа.
Физичко образование – Елементарни игри - детска јога.

**3.**

**Содржина (поими)**

Песни и броеници во опсег до1 – си бе-мол1

**Стандарди за оценување**

Пее одреден број **песни за деца** и народни песни во опсег до1 – си бе-мол1, со правилен пејачки став и правилно дишење.
Пее во група со другите со усогласено темпо, динамика и ритам во опсег до1 – **си бе-мол1**.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности - активирање на предзнаења**
Учениците се седнати во круг, а во средината на кругот има кутија со слика од роденденска торта. Се поведува дискусија за датумот на нивниот роденден, како го прославиле, како се чувствувале и сл. Потоа секој ученик на мало парче хартија ги запишува своите роденденски чувства и ја црта роденденска тортата од неговите соништа (среќа, радост, љубов...) и го става ливчето во кутијата. Кутијата потоа кружи помеѓу учениците, секој извлекува ливче, ги чита зборовите од ливчето и погодуваат кое другарче го напишало. Потоа наставникот им го пушта предлог линкот.
https://www.youtube.com/watch?v=GSFYdSy7edw

**Главни активности – искуствено учење:**
Се најавуваат активностите кои ќе следат и насоките за начинот на кој учениците треба да ги реализираат. Учениците ја следат аудио и видеосодржната. Се поведува дискусија за содржина на песната. Потоа наставникот или ученик ментор ја чита содржината на песната со изразени уметнички вредности: јасна дикција и акцент, динамика, правилно земање на воздух, и сето тоа во умерено темпо. Се поведува разговор за непознати зборови во содржината на песната. Потоа следи обработка на песната, по принципот на мали музички реченици - фрази.
Наставникот ја пее првата фраза или ја проследуваат преку видеозаписот/аудиозаписот, а потоа учениците ја повторуваат на две/три пати. Во текот на пеењето потребно е наставникот да го контролира пеењето на учениците, како на пр: чиста интонација, јасна дикција, пеење без напрегање и др. На истиот начин се обработуваат сите фрази на песната поодделно и со напоредно, последователно нивно спојување.
Откако учениците ќе научат песната да ја пеат, следи изразно финализирање (дотерување) во однос на дикцијата, правилното земање на воздух, естетското фразирање, соодветни динамички нијансирања, соодветно темпо, складното (не прегласно) пеење и друго. (Овој стандард може да се реализира во склоп на сценарио на час во ден кога на другарче од паралелката му е роденден. Секое совладување на фразите да биде проследено и со драматизација на честитање со песна на славеникот.)

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Со совладување на песната, истата се пее во групи, секоја група пее по една строфа и тоа со промена на динамиката, со промена на строфите, со промена на групата, пеење во парови; индивидуално пеење; и други комбинации во договор со учениците и наставникот.

Воедно мелодијата на песната можат да ја придружуваат со детски музички инструменти. Обиди се да го збогатиш впечатокот на роденденска прослава со надополнување на мелодијата на песната со различни куси ритмички елементи од предмети кои се дел од твоето опкружување. Сè што е претерано и прегласно го уништува впечатокот.

**Рефлексија на часот:**

Што научивме?
Какви чувства побуди песната кај вас?
Кога пееме нежно, тивко?
Зошто не треба да се напрегаме и да се дереме кога пееме?

**Средства:**

Уред за репродукција на аудиозаписот/видеозапис детски музички инструменти.

**Меѓупредметна интеграција:**

Ликовно образование: Цртање и Сликање.
Македонски јазик: Изразување и творење.

# 4.

**Содржина (поими)**

Песни и броеници во опсег до1 – си бе-мол1

**Стандарди за оценување**

Пее одреден број песни за деца и **народни песни** во опсег до1 – си бе-мол1, со правилен пејачки став и правилно дишење.
Пее во група со другите со усогласено темпо, динамика и ритам во опсег **до1 – си бе-мол1**.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности - активирање на предзнаења**
Се одбира драмски текст од народна приказна по избор на наставникот со учениците, кој е претходно обработен. Се делат улогите и истиот се драматизира од учениците. Поставуваат заедничка сценографија и со помош на родителите драматизацијата ја надополнуваат со соодветна костимографија, односно како дел од планирана и поставена проектна активност со наставникот. Крајниот продукт од проектната активност треба да биде подготвена драматизација која ќе биде целина и од музичка придружба на пеење на група деца од паралелката во позадина. Може да се повторуваат делови од песната кои пак ќе се вметнат во позадина на делови од драматизацијата. Драмскиот текст како дел од меѓупредметна интеграција со помош на ученици од петто или четврто одделение да се создаде заедно со паралелката од второ одделение. Продуктот од проектната активност може да се пласира како дел од одбележување на одреден важен национален или интернационален датум.

**Главни активности – искуствено учење:**

Во склоп на поставувањето на драматизацијата на избраната народната приказна истата ќе биде проследена со народната песна Јовано Јованке. Ќе се насочат учениците последователно на чекорите на нејзина обработка. По принципот на мали музички реченици - фрази. Еден стих е една фраза, но тоа може да има и одредени отстапувања во зависност од темпото, од мерната единица како и од карактерот на песната. Наставникот ја пее првата фраза или ја проследуваат преку видеозаписот/аудиозаписот, а потоа учениците повторуваат. Во текот на пеењето потребно е наставникот да го контролира пеењето на учениците, како на пр: чиста интонација, јасна дикција, пеење без напрегање и др. На истиот начин се обработуваат сите фрази на песната поодделно и со напоредно, последователно нивно спојување. Откако учениците ќе ја научат песната да ја пеат, следи изразно финализирање (дотерување) во однос на дикцијата, правилното земање на воздух, естетското фразирање, соодветните динамички нијансирања, соодветното темпо, складното (не прегласно) пеење и друго.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Учениците драматизацијата ја презентираат пред другарчињата. Додека трае драматизацијата дел од нив во помали групи ја придружуваат истата со пеење на народната песна Јовано Јованке.

**Рефлексија на часот:**

Како дел од драматизацијата кои чувства ги побуди кај вас песната?
Демострирај правилен пеачки став!

**Средства:**

Уред за репродукција на аудиозапис/видео запис.
Костими и сценска подготовка во зависност од можностите на наставникот, а во соработка со родителите.

**Меѓупредметна интеграција:**

Обработената народна песна Јовано Јооaccess ванке потоа се наменува за реализација на стандардот: Го следи видот-карактерот на музиката со своите движења (оро, марш, валцер и други популарни танци во дво и триделен такт, движења од игри на етничките заедници кои живеат во РСМакедонија).
Меѓупредметна интеграција Македонски јазик - изразување и творење.
Соработка со Театар за деца и младинци, Националната опера и балет и сл.

## 5.

**Содржина (поими)**

**Детски ритмички и мелодиски инструменти**

(ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, маракас; металофон, мелодика, блок флејта/шупелка).

**Стандарди за оценување**

Ги препознава детските **ритмички** и мелодиски инструменти по бојата на звукот.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
Учениците работат во парови, секој пар добива лист со илустрации/сликички од детски музички инструменти кои треба заеднички да ги разгледаат (стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапан, кастањети, гонг, чинели, маракас). На ѕид стои хамер или плутана табла со поставен наслов:„Детски ритмички инструменти", а на него се испишани имињата на истите. Задача на секој пар е да открие како се викаат инструментите на добиените слики и под кое име треба да се залепат на хамерот.
Учениците ги лепат сликичките на горната половина од хамерот со тоа што наставникот им најавува дека останатата половина ќе се работи следниот час.

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Учениците се поделени во групи и добиваат материјали за изработка на ритмички инструменти кои претходно ги обезбедиле заедно со наставникот (картон, хартија во боја, колаж, пластични чинии, пластични цевчиња, тапи, конзерви, зрна од ориз/грав, каменчиња...).
Првата група изработува тропалки (маракас);
Втората група изработува тапани во различна големина;
Третата група изработува дајре;
Четврта група изработува стапчиња.
Секоја група ги презентира изработените инструменти пред останатите со задача да го објасни начинот на изработка на инструментот, материјалот што го употребиле и начинот на добивање на звукот.
**Активност 2.**
Учениците со затворени очи внимателно слушаат звуци од детските ритмички инструменти преку презентација/демонстрација на наставникот и ги препознаваат преку нивната боја на звукот.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Со употреба на изработените ритмички инструменти учениците следат ритам кој им го презентира наставникот со плескање на рацете, при што наставникот го менува ритамот и темпото, а учениците се обидуваат да го следат. На крајот се извлекува заклучок дека кај овие детски музички инструменти звукот се добива со удирање и може да се креира/создаде ритам, поради што се викаат **ритмички инструменти.**

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавме?
Од кој предмети во твојот дом или блиската околина можеш да направиш ритмички инструмент?

**Средства:**

Листови бела хартија/ хартија во боја, картони, колаж прибор за боење, лепак, хамер, маркер, пластични чиничиња, цевчиња, конзерви зрна ориз/грав.
Уред за репродукција на аудиозаписи/видеозаписи.

**Меѓупредметна интеграција:**

Активноста за изработка на ритмички инструменти може да се реализираат и на час по Ликовно образование - Пластично обликување и градење

## 6.

Содржина (поими)

**Детски ритмички и мелодиски инструменти**

(ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, маракас; металофон, мелодика, блок флејта/шупелка)

Стандарди за оценување

Ги препознава детските ритмички и **мелодиски инструменти по бојата на звукот**.

Сценарио на часот

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
Учениците се поделени во групи и се натпреваруваат во препознавање на звуци од ритмички инструменти според нивната боја. Групата која има најголем број точни одговори е победник. Со оваа активност се активираат предзнаењата за ритмички инструменти.
Наставникот го покажува празниот дел од хамерот од претходниот час и поставува прашање:
Кои други детски удирачки инструменти ги познавате?

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Учениците внимателно слушаат додека наставникот демонстрира свирење на мелодиски инструменти или проследуваат на интернет (ксилофон, металофон, мелодика, блок флејта/шупелка) по слух.
Се поведува дискусија за мелодиските инструменти: Каков е нивниот облик? Од кој материјал се направени? По што се разликуваат од ритмичките инструменти? На кој начин го создаваат звукот? Се извлекува заклучок дека кај овие инструменти освен ритам, со нив се создаде мелодија. Тие се нарекуваат и мелодиски инструменти.
**Активност 2**
Учениците се поделени во групи. Секоја група добива различни мелодиски инструменти и го истражува начинот за добивање на нивниот звук обидувајќи се да создаде мотив (два такта) или реченица (четири такта). Потоа секоја група презентира свирење на мелодиски инструменти пред останатите. Групите се ротираат, а учениците прават споредба во бојата на звукот и начинот на неговото добивање.
**Активност 3**
Учениците креираат симболи за секој мелодиски инструмент. На секој симбол му придружуваат вид на чекори, на пример: нога пред нога, чекор напред, чекор назад, околу оска на своето тело - налево, околу оска на своето тело - надесно. Со препознавање на звукот на инструментот и броење на ударите на истите ученикот треба да стигне на одредена дестинација во училницата или училишниот хол.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Учениците повторно ги добиваат сликичките со детски музички инструменти, со таа разлика што овој пат треба да ги пронајдат мелодиските инструменти и да го дополнат хамерот на табла. На сликичките треба да ги напишат имињата на инструментите.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Што научивме?
На кој мелодиски инструмент би сакал да научиш да свириш?
Можеш ли да направиш мелодиски инструмент? Ако имаш решение, кој материјал ќе го употребиш?

**Средства:**

Сликички со детски музички инструменти, ксилофон, металофон ,мелодика, блок флејта.

**Меѓупредметна интеграција:**

Македонски јазик - Изразување и говорење.
Работа со компјутери

## 7.

Содржина (поими)

**Детски ритмички и мелодиски инструменти**

(ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, маракас; металофон, мелодика, блок флејта/шупелка)

Стандарди за оценување

Правилно применува музички изразни компоненти (брзина, јачина, траење) при свирење на детски ритмички и мелодиски инструменти.

Сценарио на часот

**Воведни активности - активирање на предзнаења**
**Активност 1**
Учениците го слушаат дадениот предлог линк , Подајте си рака /Светот на Биби
https://www.youtube.com/watch?v=24PvNCz_kS8
кој има брз и забавен карактер, а наставникот ги поттикнува да го следат ритамот со своите ритмички и мелодиски инструменти. (или)
**Активност 2**
https://www.pinterest.com/RhythmOneMusic/
Предлог идејни активности за наставникот како можност за креирање на активности како дел од сценарио за час за исполнување на стандардот.

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Учениците се поделени во групи и секоја група има различни ритмички или мелодиски инструменти освен една група која треба да го следи ритамот со плескање со рацете.
Преку визуелна презентација учениците ја следат и доживуваат композицијата од предлог линкот, а наставникот им дава насоки да внимаваат на ритамот воочувајќи ги музичките изразни компоненти брзината, јачината и траењето на ритамот:
Радетски марш - https://www.youtube.com/watch?v=6_Bb2j7dQkQ.
**Активност 2**
Учениците свират на детските ритмички и мелодиски инструменти со придружба на групата која плеска со рацете. Сите ги следат насоките од наставникот (диригент) и правилно применуваат музички изразни компоненти.
https://www.pinterest.com/RhythmOneMusic/
Предлог идејни активности за наставникот како можност за креирање на активности како дел од сценарио за час за исполнување на стандардот.

https://www.youtube.com/watch?v=6_Bb2j7dQkQ

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Како заокружување на изведените активности учениците ја проследуваат композицијата од предлог линкот

https://www.youtube.com/watch?v=1y0eoYD-AKY Нани ми нани, која има смирувачки, бавен, ритам. Заедно со учениците се нудат идеи и можности за нејзино ритмичка придружба.

**Рефлексија на часот:**

Што научивме денес?
Како се чувствувавте додека сите заедно свиревте на ДМИ и создававте ритам?
Кои предмети од непосредното твое опкружување може да ги преобразиш во ритмички, а кои во мелодиски? Зошто?

**Средства:**

Уред за репродукција на аудиозаписи/видеозаписи, детски ритмички и мелодиски инструменти.

**Меѓупредметна интеграција:**

Вонаставни и други активности.
Физичко и здравствено образование, ритмички игри

## 8.

**Содржина (поими)**

**Вовед во пеење и свирење по нотен запис**

(петолиние, виолински клуч, местото на тоновите на петолинието, нота, сол1, ми1 – визуелно препознавање на петолиние)

**Стандарди за оценување**

Идентификува **петолиние**, виолински клуч, положбата на тоновите сол1 и ми1 на петолинието.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности - активирање на предзнаења**

Учениците се поставуваат во круг. Целата паралелка добива едно клопче волница. Играта се реализира на следниот начин: Клопчето се подава од еден на друг ученик (најсоодветно подавање на другарчето наспроти себе во кругот). Ученикот што го подава клопчето треба да изговори еден поим од досега обработените музички поими. Кога секој од кругот најмалку еднаш ќе го земе кај себе клупчето и ќе каже поим, играта завршува. Формата која ќе се добие се спушта на подот на училницата или на подот од училишниот двор и се остава да стои, за тоа време се поведува дискусија со учениците за поимите кои ги именуваа. Именуваните поими се запишуваат со креда во училишниот двор или со фломастер на хамер во училницата.

**Главни активности – искуствено учење:**

Се запишува зборот музика на средината на таблата и истиот се разгранува со поими коишто ги именуваат учениците, а воедно ги поврзуваат, асоциираат или поистоветуваат со истиот. Се поведува дискусија. Како научивме да читаме? Што е потребно за да пишуваме? (За да знаеме да читаме ги учевме буквите. За да знаеме да пишуваме потребна ни е тетратка, а во неа линии. Така е и во музиката. Имаме нотна тетратка која има необичен распоред на линиите. На учениците им се покажува лист од нотна тетратка на паметна табла. Како се поставени линиите? (По пет линии доближени.) Заеднички извлекуваме заклучок пет линии, петолиние. Можеме ли да се обидеме и ние да направиме еден џамбо (голем лист на на нотна тетратка) нотен лист? Учениците добиваат волница натопена во восокот (Наставникот ја подготвува на следниот начин: топи восок и потопува исечени парчиња волница. Истите ги остава да се изладат за потоа да може безбедно со нив да работат учениците. Волницата потопена со восок полесно може да се приспособува на фиксира, со цел реализација на предвидената активност.)

**Главни активности – искуствено учење:**

Потоа учениците ја поставуваат волницата на хамерот кој ќе ја претставува нотната тетратка. Додека работат учениците се поттикнуваат да го именуваат петолинието, да ги избројат линиите како и празнините кои се формирале. За да се добие комплетна слика на хамерот се запишува наслов Петолиние и истиот се поставува на видно место во училницата. Следи самостојна активност на учениците на лист од блок каде на ист начин создаваат петолиние со волница со восок, за потоа да се обидат да нацртаат петолиние со слободна рака (вежба за графомоторика). Последна активност на листот учениците цртаат петолиние, но овој пат со линијар. Се извлекуваат заклучоци за изгледот на петте линии и се поттикнуваат на дискусија во која именуваат поими кои не ги имаат во својот речник, но се на поинаков начин стекнати (на пример: нота, пауза, виолински клуч...).

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Игра, играм со и без ритам: Два ученика добиваат задолжение со цел доживување, развивање и утврдување на еднакви ритмички траења, односно едноставни ритмички примери, кои можат да се сретнат и во секојдневниот живот, да демонстрираат со импровизирани движења и необична гестикулација: марширање на војници, нишање на ѕиден часовник, ѕвонење на ѕвоно, плескање дланка со дланка, тропање со нога, удирање со молив на клупа. Останатите ученици ги имитираат покажаните движења и на знак стоп од наставникот се замрзнуваат, кога повторно двајцата ученика имаат за задача да смислат нов ритам проследен со интересно движење, поврзан со одредена ситуација. Играта е со цел да поттикне убаво расположение и атмосфера.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавме?
Кој го користи петолинието?
За што им е потребно на музичарите?
Дали и каде си видел петолиние нацртано на голем ѕид?

**Средства:**

Уред за репродукција на аудиозапис/видеозаписи, хамер, восок, волница.

**Меѓупредметна интеграција:**

Природни науки
Ликовно образование -Пластично обликување и градење.

## 9.

**Содржина (поими)**

**Вовед во пеење и свирење по нотен запис**

(петолиние, виолински клуч, местото на тоновите на петолинието, нота, сол1, ми1 – визуелно препознавање на петолиние)

**Стандарди за оценување**

Идентификува петолиние, **виолински клуч**, положбата на тоновите сол1 и ми1 на петолинието.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности - активирање на предзнаења**

**Активност 1**

На учениците им се даваат предлог понудена компјутерска игра. Предлог игри: https://pbskids.org/games/music. (наставникот прави избор дали преку компјутерската игра ученикот доживува и развива ритам или ќе се потиикнува да доживува и развива осет за мелодија или ќе се поттикнува и доживува тонални функции.). Се навраќаат учениците на поимот музика и повторно преку дискусија се насочуваат да ги именуваат поимите кои се дел од него.

**Главни активности – искуствено учење:**

**Активност 1**

Кога ќе го именуваат поимот петолиние дискусијата со учениците се насочува на следното: Секое петолиние има свој почеток. Тој почеток е означен форма. Таа форма се нарекува виолински клуч. (се покажува голем виолински клуч на паметна табла/хамер или изработен од стиропор). Тој е музички знак. Куса игра асоцијација: На што наликува виолинскиот клуч?

**Активност 2**

Учениците се делат во групи. Секоја група добива задача на необичен начин да изработат виолински клуч:

Прва група: На хамер нацртан виолински клуч да го декорираат со макарони.

Втора група: Изработуваат виолински клуч со жица, која ја декорираат со мониста.

Трета група: Изработуваат виолински клуч од материјал за рециклирање.

Четврта група: Изработуваат виолински клуч од пластелин или од тесто.

Дел од изработените виолински клучеви се поставуваат на хамерот со петолиние кое е изработено на претходниот час и е поставено на видно место во училницата.

**Активност 3**

Учениците добиваат наставен лист. Наставникот на паметна табла им ја покажува постапноста во пишување на виолинскиот клуч. Посебно им го посочува местото од каде треба да започнат и каде треба да го завршат пишувањето на виолинскиот клуч.Следи самостојна активност на учениците во нотни тетратки или во Работната тетратка.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Заедно ги поставуваат изработките на видно место (музичко катче) и воедно ги воочуваат успешните напишани виолински клучеви. Забележуваат и истакнуваат во меѓусебниот разговор како не треба да биде напишан виолинскиот клуч.

Ненаметливо им се посочува дека тој се нарекува и сол клуч. Зошто? Ќе откриеме следниот час.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавме?
Со кој материјал најлесно се прави виолинскиот клуч?
Дали сте сретнале виолински клуч со поинаква намена? (пр. накит)

**Средства:**

Уред за репродукција на аудиозаписи/видеозаписи, макарони, жица, мониста, пластелин, материјал за рециклирање, хамер.

**Меѓупредметна интеграција:**

Изработката на виолинскиот клуч се интегрира со Ликовно образование - Пластично обликување и градење.

## 10.

Содржина (поими)

**Вовед во пеење и свирење по нотен запис**

(петолиние, виолински клуч, местото на тоновите на петолинието, нота, сол1, ми1 – визуелно препознавање на петолиние)

Стандарди за оценување

Идентификува петолиние, виолински клуч, **положбата на тоновите сол1 и ми1 на петолинието.**

Сценарио на часот

**Воведни активности - активирање на предзнаења**
Учениците се делат во групи. Им се дава пластифициран лист на кој има испечатено петолиние. Тие со пластелин го моделираат виолинскиот клуч и го поставуваат на петолинието, односно на пластифицираната хартија. Се поттикнуваат да го воочат местото од каде започнува да се пишува виолинскиот клуч. Им се открива дека виолинскиот клуч се нарекува и сол клуч, бидејќи почнува да се запишува од втората линија на петолинието каде што е местото/положбата на тонот сол.

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
На паметна табла им се покажува формата односно изгледот на тоновите. Се поистоветуваат со предмети со јајцевидна форма.
**Активност 2**
Практична активност на ученикот продолжува и на овој час со цел да се направи целина од петолиние со виолински клуч и ноти.
Прва група: Учениците изработуваат ноти од пластелин.
Втора група: На брашнеста површина го прват обликот на тоновите.
Трета група: Изработка на ноти со фолија и материјал за рециклирање.
Членовите од групите ротираат во групите за да им се даде можност да изработуваат ноти со различен материјал.
Дел од изработените ноти се поставуваат на петолинието. Се поведува дискусија со учениците за можноста да се постават нотите на различни места на петолинието. Која положба можат да ја имаат тоновите? Очекувани одговори од учениците би требало да се во насока дека тоновите/нотите можат да имаат различна положба на петолинието. Одредени тонови/ноти се сместени на линиите, одредени на празнините. (Наставникот има изработено две ноти и записи со поимите ми и сол.) Изработените ноти се поставуваат на соодветното место на петолинието. Под нотите се поставува/залепува името на нотата.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Активности во Работната тетратка.

**Рефлексија на часот:**

Што научивме денес?
Како се чувствувавме?
Размисли и договори се со другарчињата од паралелката да изработите ноти од најнеобичен рециклиран материјал!
Напиши песничка во која на хумористичен начин ќе зборуваш за петолинието, виолинскиот клуч и нотите!

**Средства:**

Паметна табла/лап топ.
Пластифициран лист, тврда хартија, пластелин, брашно, фолија, лепак.

**Меѓупредметна интеграција:**

Ликовно образование - Пластично обликување и градење.
Македонски јазик - Изразување и творење.

# 11.

**Содржина (поими)**

**Вовед во пеење и свирење по нотен запис**

петолиние, виолински клуч, местото на тоновите на петолинието, нота, сол1, ми1 – визуелно препознавање на петолиние)

**Стандарди за оценување**

Чита парлато елементарни вежби со тоновите сол 1 и ми 1.

**Сценарио на часот**

**Воведни активности - активирање на предзнаења**
Во шумичката крај езерцето тој ден беше многу тивко. Од далечината само се слушаше павтањето на крилата и пеењето на еден лебед. (Доживување, развивање и утврдување на еднакви ритмички траења, едноставни ритмички примери, кои можат да се сретнат и во секојдневниот живот. Наставникот демонстрира, а учениците повторуваат, како пример дел од приказната.




Зад него не заостануваше ниту клукајдрвчето. И тоа сакаше да ги разбуди спанковците и сите заедно уште рано, рано наутро да ја започнат играта на природата.

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност број 1**
Но, сè ќе беше едноставно ако од далечината не се слушнеше топотот на семејството слонови: таткото БУМ, мајката ТУК – ТАК и слончето ТУ – КА – ТА -КА.
Учениците доживуваат, развиваат и утврдуваат различни ритмички траења. Како и претходната, така и оваа постапка се реализира со имитирање на соодветни примери, како што е и предлог примерот на петолинието.) ,,
Приказната ја продолжуваат учениците со наставникот, но сега слоговите поврзани со тоновите ми1 и сол1 поставени на петолиние. Истите не се интерпретираат мелодиски туку искучително ритмички односно парлато.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Учениците ја раскажуваат приказната преку читање парлато проследено со драматизација .Може да користат и детски музички инструменти како придружба.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавме?
Со кој ликови од твоето секојдневие можеш да го поистоветиш движењето на слоновите?

**Средства:**

Работно ливче, прибор, дополнителен материјал по избор на учениците за драматизација на приказната.
Детски музички инструменти.

**Меѓупредметна интеграција:**

Македонски јазик, слушање и говорење, содржина изговор, слогови.

## 12.

Содржина (поими)

**Вовед во пеење и свирење по нотен запис**

(петолиние, виолински клуч, местото на тоновите на петолинието, нота, сол1, ми1 – визуелно препознавање на петолиние)

Стандарди за оценување

Пее/свири елементарни вежби со тоновите сол1 и ми1 по нотен запис.

Сценарио на часот

**Воведни активности - активирање на предзнаења**
Играта се реализира на скалилата во училиштето или непосредното опкружување. Се потсетуваат учениците за петолинието и местото на тоновите сол1 на втората линија и ми1 на првата линија. По примерот на наставникот секој ученик кога ќе се качи на првото скалило го пее тонот ми1, за потоа да се качи на второто скалило пеејќи го тонот сол1. Заедно учениците со наставникот изведуваат различни комбинации од промена на тоновите сол1 и ми1 по бројност, потскокнувајќи во место, како и во траење, задржувајќи се подолго на тонот. Секое движење е проследено и со мелодиска придружба на тонот.

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Учениците следат демонстрација од наставникот во свирење и пеење на тоновите сол1 и ми1 на мелодиски инструмент по нотен запис.
Учениците нотниот запис го усвојуваат пеејќи истовремено со наставникот, а потоа го увежбуваат во парови или во групи.
Во зависност од мелодиските инструменти кои ги имаат учениците се обидуваат да го свират нотниот запис.
Откако ќе извежбаат учениците се делат во групи:
-една група ќе ги пее тоновите сол1 и ми1 од нотен запис;
-втора група на мелодиски инструменти истовремено ќе ги свири тонови сол1 и ми 1 од истиот нотен запис.
Групите ротираат и учениците по сопствен избор пеат или свират во парови или индивидуално.



**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Учениците ја следат Детската симфонија од Јосеф Хајден, наставникот ги насочува да обрнат внимание на огласувањето на кукавицата (ку -ку, сол -ми), да го воочат мотивот и да избројат колку пати се повторува во текот на композицијата.

**Рефлексија на часот:**

Што научивме?
Како се чувствувавте?
Кој дел ви беше омилен, пеењето или свирењето?
Зошто е потребно да ја учиме азбуката на музиката?

**Средства:**

Аудиовизуелен запис, мелодиски инструменти (ксилофон, мелодика, металофон...).

**Меѓупредметна интеграција:**

Природни науки - Звуци

# 13.

Содржина (поими)

**Музички игри**

(пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер и други популарни танци во дво- и триделен такт, игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија)

Стандарди за оценување

Учествува во музички игри со пеење и свирење на детски ритмички и мелодиски инструменти.

Сценарио на часот

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
Учениците се поделени во групи , седат на подот во круг доколку има просторни услови за тоа и во раце имаат детски музички инструменти. Еден ученик презентира ритам, ученикот до него треба да го повтори ритамот и да додаде нов елемент, следниот ги повторува првите два и додава нов елемент. играта продолжува до последниот ученик.

**Главни активности – искуствено учење:**
https://www.youtube.com/watch?v=mmBIXksRM24 – *Подај рака на тој што те сака* .

**Активност 1**
Преку видеопрезентација учениците го слушаат предлог линкот. Со учениците се разговара за содржината на песната, карактерот на музиката. Строфите и рефренот наставникот ги има запишано на хамер/паметна табла за да се потсетат. Се пушта повторно предлог-линкот и учениците пеат и заеднички создаваат ритам со своите детски музички инструменти.

**Активност 2**
Учениците добиваат здача да се организираат по улоги во два тима. Првиот тим го претставува хорот со машки и женски гласови, вториот тим го следи ритамот на детски музички инструменти, а еден ученик има улогата на диригент. Откако учениците се организираат се поставуваат во празен простор во училницата и на даден знак од диригентот учествуваат во музичка игра изведена со пеење и свирење.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Учениците добиваат заедничка задача. Наставникот на флип чарт /хамер/табла црта големо срце, во средината го запишува зборот ЉУБОВ, учениците добиваат налепници во различни бои на кои треба да запишат одреден збор/фраза од песната која им оставила најголем впечаток (пр. подај рака, светот е топка шарена, подели насмевка, биди ми пријател, заедно сме посилни, сите сме еднакви.....) и ги лепат на хамерот. Потоа заеднички ја пеат песната придружувана со детски музички инструменти.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавте?
Какви чувства побуди кај вас песната?
Кога пееш во група на што треба да внимаваш?

**Средства:**

Налепници, флипчарт/хамер, маркери ДМИ, уред за репродукција на аудиозаписи/видеозаписи.

**Меѓупредметна интеграција:**

Македонски јазик, изразување и творење,

# 14.

**Содржина (поими)**

**Музички игри**

пеење, играње, танцување, **оро**, марш, валцер и други популарни танци во дво- и триделен такт, игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија)

**Стандарди за оценување**

Го следи видот/карактерот на музиката со своите движења (оро, марш, валцер и други популарни танци во дво- и триделен такт, движења од игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија).

**Сценарио на часот**

Muzicki igri - oro.xr

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
**Активност 1:** Игра
Учениците прават круг. Се движат во кругот и пеат народна песна, по сопствен избор, односно која ја знаат.
Еден ученик е во средината на кругот и според карактерот и ритамот на песната демонстрира движење, кое движење сите ученици во кругот го повторуваат. ( на пример: фатете се за раце и три чекори надесно, пуштете ги рацете и завртете се во круг, фатете се за половина и два чекори налево.  )

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Учениците следат видеопрезентација преку која се запознаваат со музички игри, видовите танци, како и со чекорите со кои се изведува танцот - ОРО.
**Активност 2**
Учениците го следат видеозаписите:
https://www.youtube.com/watch?v=FLPXHfZY9Ws - **Јовано**, **Јованке**. . https://www.youtube.com/watch?v=BH3RhrOiFgs – Vallja e Shotes/Оро на Шота.
Се поведува дискусија кога и каде ја слушнале оваа песна? Во кој вид на музика припаѓа? Како се игра на оваа музика? Може ли чекорите од претходната игра да ги употребиме и тука?
Учениците се фатени за раце во полукруг во оро. По ритам на музиката орото почнува да се движи надесно (наставникот ги охрабрува и насочува за правилно изведување на чекорите).

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Учениците ја слушаат песната, истовремено ги илустрираат своите впечатоци, доживувања.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавте денес?
Што ви се допадна во песната и орото?
Што научивте?

Танците ги делиме на: народни ора и модерни танци.
Оро е народен танц во кој играчите најчесто фатени за раце се движат во круг.
Ората се придружувани од народни инструменти: гајда, шупелка, тапан...
Народните ора се дел од музичкиот фолклор.
Тие се народни танци кои се пренесуваат од генерација на генерација и така стануваат дел од традицијата.

**Средства:**

Аудиозаписи/видеозаписи, презентација.

Кај етничките заедници кои живеат во нашата држава?
Во народната музика на другите етнички заедници се јавуваат исти или слични карактеристики како и во македонската народна музика.

**Меѓупредметна интеграција:**

Активноста илустрација се интегрира со часот по Ликовно образование, подрачје Цртање и Сликање, воннаставни и други активности.

## 15.

Содржина (поими)

**Музички игри**

(пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер и други популарни танци во дво- и триделен такт, игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија)

Стандарди за оценување

Го следи видот/карактерот на музиката со своите движења (оро, **марш**, валцер и други популарни танци во дво- и триделен такт, движења од игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија).

Сценарио на часот

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
Учениците гледаат видеозапис, дел од приказната „Снежана и седумте џуџиња“, делот со џуџињата кога се враќаат од рудникот.
Дискусија со учениците:
Каде одат џуџињата?
Како одат? Како се движат?
Учениците го имитираат движењето на џуџињата, нивното маширање.

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Следат видеозапис од детски марш: https://www.youtube.com/watch?v=deaKl9MZzwQ. Учениците се запознаваат со поимот „марш“/популарна композиција на класична музика, која се изведува со рамномерно движење. Се разговара: Како ја доживуваш оваа музика? Кога се изведуваат маршевите?
**Активност 2**
Учениците на музички примери селектирани од наставникот со игрив, бавен, маршов ритам, се обидуваат да го следат ритамот. Со ритмичко чекорење придружено со гестикулации збогатено со обрачи поставени во два реда или кругови нацртани со креда, дополнето со шарени ленти, марами или само со движења на рацете го следат ритамот. (https://www.youtube.com/watch?v=yMLp5bjl5aY). На таков начин се создаваат различни ритмички кореографии/игри.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Игра: Секој ученик има ритмички ударни инструменти со чија придружба маршираат низ училницата. По вториот круг секој ученик со марширање седнува на своето место.

Играта продолжува со придружен ритам, марширање на учениците со нозете, но седнати на столчето.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавте денес?
Која активност ви беше најинтересна?
Што научивте?

**Средства:**

Аудиозаписи/видеозаписи, марами, обрачи, креди во боја, детски музички инструменти

**Меѓупредметна интеграција:**

Македонски јазик, приказна „Снежана и седумте џуџиња“ подрачје слушање и говорење.

# 16.

Содржина (поими)

**Музички игри**

(пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер и други популарни танци во дво- и триделен такт, игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија)

Стандарди за оценување

Пее и се движи во соодветен ритам во музичките игри.

Сценарио на часот

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
Игра „Танц на животните“
Учениците стојат во круг и на пуштена музика (песна по избор) си подаваат топче или играчка. Кога музиката престанува, ученикот во чии раце во моментот е топчето или играчката кажува име на некое животно. Останатите ученици го имитираат одот на животното. Ако е зајаче учениците ќе скокаат, ако е желка одат споро.

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Учениците се делат во парови, а секој пар добива парче хартија во големина на лист од весник. Наставникот пушта музика 20 – 30 секунди, а паровите играат стоејќи на хартијата и внимаваат да не стапнат надвор од неа. Кога музиката ќе запре хартијата се превиткува на половина и се продолжува со музиката.
На наредното превиткување ќе има простор само за по едно стапало на секој ученик од парот, а на следното превиткување ќе играат на прсти.
Победник е парот кој ќе биде најиздржлив во играњето и без да стапне надвор од листот хартија.
Движењето од страна на учениците е придружено и со пеење.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

Учениците го следат видеозаписот: https://www.youtube.com/watch?v=_K9RrxvdwzU - В.А. Моцарт: Игра (за музичка игра со движење) и изведуваат движења со соодветен ритам во музичките игри.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавте денес?
Која активност ви беше најинтересна?
Што научивте?

**Средства:**

Аудиозаписи/видеозаписи, топче, играчка весник, хартија.

**Меѓупредметна интеграција:**

Физичко и здравствено образование - ритмички игри.

# 17.

Содржина (поими)

**Музичко изразување и творење**

(слободно музичко изразување, творење/создавање)

Стандарди за оценување

Поврзува мелодија и ритам со движења.

Сценарио на часот

**Воведни активности - активирање на предзнаења**
Игра: Учениците стојат во круг. Ги затвораат очите додека се пушта дел од некоја песна. Учениците се насочуваат кон емоциите што ги предизвикала музиката и се поттикнуваат да го изразат тоа физички со танцување, движењата на телото да го следат ритамот и карактерот на музиката која ја слушаат. На знак стоп ги отвораат очите за да можат да ги видат движењата, танцот на другарчињата.
Се прави кратка дискусија за чувствата што ги предизвикала песната, како и за танцувањето со затворени очи.
Предлог линкови: https://www.youtube.com/watch?v=p3ne4EefHXE
https://www.youtube.com/watch?v=_K9RrxvdwzU

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Учениците го проследуваат видеозаписот како пример на кој начин во следните две композиции преку сопствената креативност, мелодијата ќе ја надополнат со соодветни разновидни ритмички движења.
Заедно креираат музички целини придружени со плескање, чекорење.. https://www.youtube.com/watch?v=t7f5ODskbuU
**Активност 2**
Го следат видеозаписот и заедно со наставникот музиката ја придружуваат со соодветни ритмички движења.
https://www.youtube.com/watch?v=D1o_Xnx6_e8 – Пинк Пантер (телото – музички инструмент).
**Активност 3**
Учениците проследуваат цртан филм. Се поведува дискусија за врската помеѓу музиката и движењата на ликовите во цртаниот филм, како и дејството кое се развива во цртаниот филм.

**Завршни активности – извлекување заклучок:**

https://www.youtube.com/watch?v=p3ne4EefHXE – **Дувна ветре** - *Златно славејче*.

Учениците следат аудиозапис од композицијата и самостојно креираат музичко-ритмички движења со потскокнување.

Истата активност може да се реализира и во групи.

Меѓупредметната интеграција, како и интеграција со воннаставни и други активности може да се употреби за поставување на проектна или истражувачка активност со учениците. Проектната активност како краен продукт ќе има комплетна подготвена кореографија со учениците. Истражувачката активност ќе ја постави наставникот, но учениците може да истражуваат и да навлезат во процесот на создавање на цртан филм, особено на музика за истиот.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавте денес?
Обиди се да гледаш цртан филм без да ја слушаш музиката!
Обиди се да ја слушаш музиката на цртан филм по сопствен избор и да раскажеш за какво дејство станува збор во истиот!

**Средства:**

Уред за репродукција на аудиозаписи/видеозаписи.

**Меѓупредметна интеграција:**

Физичко и здравствено образование - ритмички игри.
Воннаставни и други активности.
Македонски јазик

## 18.

Содржина (поими)

**Музичко изразување и творење**

(слободно музичко изразување, творење/создавање)

Стандарди за оценување

Креира кратки ритмички и мелодиски целини придружени со плескање, чекорење или разни видови детски ритмички и мелодиски инструменти.
Создава едноставни кореографии со елементарни чекори и движења, соодветно на карактерот на музиката

Сценарио на час

**Воведни активности: - активирање на предзнаења**
Игра: Учениците стојат во круг. Ги затвораат очите додека се пушта дел од некоја песна. Учениците се насочуваат кон емоциите што ги предизвикала музиката и се поттикнуваат да го изразат тоа физички со танцување, движењата на телото да го следат ритамот и карактерот на музиката која ја слушаат. На знак стоп ги отвораат очите за да можат да ги видат движењата, танцот на другарчињата.
Се прави кратка дискусија за чувствата што ги предизвикала песната, како и за танцувањето со затворени очи.
Предлог линкови: https://www.youtube.com/watch?v=p3ne4EefHXE
https://www.youtube.com/watch?v=_K9RrxvdwzU

**Главни активности – искуствено учење:**
**Активност 1**
Групите влечат ливчиња на кои се напишани два наслови: оро и валцер. Едната група подготвува кореографија за оро, а другата за валцер. Секоја група одбира со кои детски музички инструменти ќе со ритам својата кореографија. Пример: групата за оро одбира тапани, групата за валцер тропалки/триангл.. Меѓусебно се договараат и бираат ученик „кореограф“ во групата кој ќе ги покажува движењата, а другите ученици од групата ги повторуваат движењата соодветно на карактерот на музиката.
Секоја група ја увежбува својата кореографија.

**Завршни активности – извлекување заклучок**

Предлог

Изведба на кореографиите на мал настан/приредба на ниво на паралелка, актив или пошироко.
Со броење се избира еден ученик кој ќе биде водител на приредбата.
Водителот ги најавува групите со нивното име на сцената за да ја изведат својата музичка кореографија, песна.
Секоја група е наградена со ракоплескање во различен ритам од останатите групи.

**Рефлексија на часот:**

Што правевме денес?
Како се чувствувавте денес?
Која активност ви беше најинтересна?
Што научивте?

**Средства:**

Уред за репродукција на аудиозаписи/видео записи.
Ливчиња со наслови на композиции.
Детски музички инструменти.
Ливчиња со наслови на композиции.
Детски музички инструменти.

**Меѓупредметна интеграција:**

Македонски јазик - Слушање и говорење.

Предлог линкови кои дополнително ќе го поттикнат/мотивираат наставникот во процесот на креирање на сценариа за час:

https://www.pinterest.com/pin/492649950502662/feedback/?invite_code=92b4ea0d6da04a9bb7fc22031f8b005b&sender_id=368873163137766507

https://www.pinterest.com/pin/358177595266926 71/feedback/?invite_code=907e881f76ef4eaeae73012f546272e7&sender_id=368873163137766507

https://www.pinterest.com/pin/467107792617113305/feedback/?invite_code=75c426d13ccb4321ae0dcb30963d55ed&sender_id=368873163137766507

https://www.pinterest.com/pin/4503668369645082/feedback/?invite_code=3e83b328b97f427aa7625eb5622e6e39&sender_id=368873163137766507

https://www.pinterest.com/pin/436990588626488887/feedback/?invite_code=fb6dba8867884252af4fd6f7881764f7&sender_id=368873163137766507

https://www.pinterest.com/pin/65020788361116074/feedback/?invite_code=387945803f654e5987db6c90c3917709&sender_id=368873163137766507